MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER

August 27, 2024 ■ Volume 41, Issue 9 (469) ■ Free www.macedonianewspaper.com






## 50TH ANNUAL AMERICAN-CANADIAN MACEDONIAN ORTHODOX CONVENTION





## 50-ТИ ЦРКОВНО НАРОДЕН СОБИР НА АКАМПЕ
### (АМЕРИКАНСКО-КАНАДСКА МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА НА М.П.Ц.)
















**Македонија**

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на “Македонија“ излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-



клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.
Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на “Македонија“ е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат нејзина сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
*Соња Лозановска*
*главен и одговорен уредник.*

*Техничко уредување и дизајн Соња Лозановска*

Our address:
Macedonia
1840 Bloor Street,
Suite 711
Mississauga, ON
L4X 1T2
Tel. :416-827-0954
macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited


**Месечен весник на Македонците во Канада.**
**Првиот број беше објавен на 1-ви ноември 1984 година.**

# ЧЕСТИТ 8-МИ СЕПТЕМВРИ ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ХИМАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Денешна верзија усвоена во 1991

Денес над Македонија се
раѓа,
ново сонце на слободата!
Македонците се борат,
за своите правдини!
Македонците се борат,
за своите правдини!

Одново сега знамето се
вее,
на Крушевската република!
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!

Горите Македонски шумно
пеат,
нови песни, нови весници!
Македонија слободна,
слободно живее!
Македонија слободна,
слободно живее!

### Верзија на химната по аранжман на Тодор Скаловски од 1989

Денес над Македонија се раѓа
ново сонце на слободата,
Македонците се борат
за своjте правдини.

Не тажи Македонијо мајко мила
крени глава гордо високо
Македонија слободна
слободна ќе живее.

Одново сега знамето се вее
над Крушевската Република
на Гоце Делчев, Питу Гули
Даме Груев, Сандански.

Горите македонски шумно пеат
бојни песни, нови весници
Македонија слободна
слободно живее.

### Оригинална верзија испеана од В. Илиева, Н. Бадев и А. Сариевски

Денес над Македонија се раѓа,
ново сонце на слободата!
Старо младо машко и женско,
на нозе се кренало!
Старо младо машко и женско,
на нозе се кренало!

Горите Македонски шумно пеат,
нови песни, нови весници!
Македонците се борат,
за своите правдини!
Македонците се борат,
за своите правдини!

Одново сега знамето се вее, (Од
гроб станаа славните зидари)[9]
на Крушовската република!
На Гоце Делчев, Питу Гули,
Карев, Влахов, Сандански
На Гоце Делчев, Питу Гули,
Карев, Влахов, Сандански

Не плачи Македонијо мајко мила,
Крени глава гордо високо,
Македонија слободна,
слободна ќе живее!
Македонија слободна,
слободна ќе живее!

## Голема благодарност до нашите соработници:

**Танас Јовановски**
**- поранешен уредник на весникот „Македонија”, колумнист**
**Отец Александар Тодоровски соработник за верата**
**Никола Петковски - креатор на крстозборот за весникот Македонија**
**Зоран Андоновски – соработник**

**Снежана Тешовиќ-македонско неделно училиште-Свети Климент Охридски**

**Ташко Кубановски - за рубриката „Афоризми”(Постхумно, архивирани необјавени материјали)**
**Зоран Карапанчев - фотограф, соработник**
**Боне Темелков - СМК-Канада**

**Специјални Дописници:**
**За Македонците од Албанија известува Никола Ѓурѓај**
**Горнан Јовановски-колумнист**

**Од Пиринска Македонија за весникот Македонија: Стојко Стојков**
**Блага Дафовска во рубриката „Поезија со повод„**
**Славе Катин - соработник публицист**
**Колумнисти:**
**Горнан Јовановски**
**Диме Костов**
**Каролина Ристеска- „Направи сам„**

**Су Иствуд- страница за македонски кулинарски специјалитети**

**Александра Петковска - соработничка од Македонската Заедница во Канада**


**Contact: 416-827-0954**
**E-mail macedonia.canada@yahoo.com**
**http://www.macedonianewspaper.com/**

**Macedonia**
**1840 Bloor st. Suite 711**
**Mississauga, On.**
**L4X 1T2 Canada**

# FUNDRAISER

## FOR THE MONASTERY ST. MARINA,

## IN THE VILLAGE TUMINEC, MALA PRESPA

### ORGANIZED BY MOC ST. NEDELA, AJAX

### SATURDAY, October 5th, 2024



**MACEDONIAN LIVE MUSIC / EVERYONE IS WELCOME**
**ST. NEDELA CHURCH 485 BAYLY ST W, AJAX, ON L1S 6M7**

**$70 ADULTS/ $30 KIDS / Starts at 7pm**









**Contact:**
**ST. NEDELA CHURCH: (905) 426-5355**
**Naste: (647) 854-3670**

# 50 YEARS ANNIVERSARY 2024 American-Canadian Macedonian Orthodox Diocese Convention

**ПРОГРАМА / AGENDA**

Собирските манифестации ќе се одржат според следнава програма:

**ПЕТОК 30-ТИ АВГУСТ 2024 ГОДИНА:**
Пристигнување на гостите.
20:00 часот – Младинска игранка во црковната сала на МПЦ „Св. Петар Павле”.

**САБОТА 31-ВИ АВГУСТ 2024 ГОДИНА:**
09:00 часот – Седница на Епархиското Собрание на АКМПЕ во црковната сала на МПЦ „Св. Петар Павле”.
10:00 часот – Турнир во фудбал на фудбалското игралиште на црквата.
18:00 часот – Вечерна Богослужба во МПЦ “Св. Петар Павле”.
19:00 часот – Смотра на играорните групи во црковната сала на МПЦ “Св. Петар Павле”..
21:00 часот - Младинска игранка во црковната сала на МПЦ “Св. Петар Павле”..

**НЕДЕЛА 1-ТИ СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА:**
10:00 часот – Света Архиерејска Литургија во МПЦ “Св. Петар Павле”.
12:00 часот – Финале – Турнир во фудбал на фудбалското игралиште.
19:00 часот – Гала банкет со церемонија на доделување награди во црковната сала на МПЦ “Св. Петар Павле”.
21:00 часот – Младинска игранка во црковната сала на МПЦ “Св. Петар Павле”.

**He festivities will be held according to the program as follows:**

**FRIDAY, AUGUST 30th , 2024:**
Arriving of the guests.
9 pm- Youth Dance, Church Hall – Sts. Peter and Paul Banquet Hall.

**SATURDAY, AUGUST 31st, 2024:**
9 am – Assembly meeting of the ACMOD, Sts. Peter and Paul Banquet Hall
10 am – Soccer Tournament in the Soccer field of the church.
6 pm – Vespers, Sts. Peter and Paul Macedonian Orthodox Cathedral.
7 pm – Folk Dancing Presentation, Sts. Peter and Paul Banquet Hall.
9 pm – Youth Dance – Sts. Peter and Paul Banquet Hall.

**SUNDAY, SEPTEMBER 1st, 2024:**
10 am – Divine Hierarchical Liturgy – Sts. Peter and Paul Macedonian Orthodox Cathedral.
12 pm – Soccer Tournament Finale in the Soccer field of the church.
7 pm – Gala Banquet and Awards Ceremony, Sts. Peter and Paul Banquet Hall.
9 pm – Youth Dance, Sts. Peter and Paul Banquet Hall.









# 50-ТИ ЈУБИЛЕЕН ЦРКОВНО-НАРОДЕН СОБИР НА АКМПЕ



**Почитувани духовни чеда,**

Јубилеите се значајни настани преку кои поединецот или заедница се присетуваат на клучни моменти од сопствената самоидентификација и ја потврдуваат веродостојноста и важноста на своето присуство во историјата на човештвото. Годишнините, посебно оние јубилејните, во сегашноста го истакнуваат и слават успехот од минатото и со цврста увереност гледаат кон иднината.

Во тој контекст и ние Македонците од САД и Канада, особено сме радосни за овој 50 годишен јубилеј од организирањето на Црковно-народниот Собир на Американско-канадската Македонска Православна Епархија. Патот до етаблирање и пронаоѓање на сопственото место помеѓу другите народи и сестрински цркви не беше лесен, а напорите сеуште продолжуваат. Но токму преку овој за нас исклучително битен настан, потврдуваме дека се движиме во вистинка насока, бидејќи се покажуваме како неотуѓив дел од духовната таписерија на Православното Христијанство на Северноамериканскиот континент.

Овој јубилеј, секако, е важен момент и за историјата на нашата Епархија како дел од Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, но и за идентитетот на нашиот македонски етнос. Некаде кон втората половина од минатиот век, посебно во 60ите и 70ите години, кога бројот на македонскиот народ кој што имигрираше во САД и Канада значително се зголеми, природно се наметна потребата за организирано црковно здружување. Наместо просто да се асимилираат, црквувајќи во која било од сестринските Православни цркви, нашите претходници со цврста увереност одлучија да го изодат потешкиот пат; црковно се организираа, градеа храмови и се трудеа во полето Господово. Денес, нашата Епархија брои 27 парохии, активни или во фаза на развој, во повеќе сојузни држави низ САД и Канада. Градејќи врз тие достигнувања и ние се приклучивме кон истата визија, ревносно пазејќи го она што ни е предадено: нашата Православна вера и нашата Македонска традиција во кои е втиснат духовниот генетски код на нашиот македонски идентитет. На оваа благословена манифестација, со благодарност се присетуваме на нашите минати искуства, кои како животни лекции не водат кон иднината да постигнеме многу повеќе и духовно да се издигнеме во Господа.

Бидејќи врвот на планината, откако ќе биде освоен, станува подножје и основа за наредните искачувања и достигнувања, пред нас претстои блажената задача со истата визија и уште поголема предаденост, бескомпромисно да ја негуваме кон нашата вера во Христа и македонската традиција со кои се идентификуваме, та нашата генерација да биде основа и причина за прославување на наредни, уште позначајни јубилеи. Залогот е голем, а јас како духовен татко на нашата Епархија, го молам Господа да ни дарува взаемна љубов, сплотеност и силна вера на нашиот пат кон поставување на нови стандарди во заедничката иднината која ни претстои.

Ние сме посебно благодарни затоа што честа да се организира овој важен јубилеј за историјата на нашата црква падна токму на нашата генерација, и дека токму во наше време ги жнееме придобивките на нашите заеднички залагања. Ве повикувам достоинствено и масовно да го прославиме овој за наш важен духовен паметник, затоа што вистински се почитуваме само ако знаеме да си ја почитуваме историјата и вистински се почитуваме ако знаеме истата достоинствено да ја славиме. Преку нашето присуство да ги потврдиме нашата засебност и битствување изразени токму преку црквата, јазикот, културата.

На сите верници од Американско-канадската Македонска Православна Епархија им го честитам овој голем јубилеј, 50 годишнина од организирањето на Црковно-народните Собири на АКМПЕ, а на домаќините, Македонската Православна Црква Св. Петар и Павле во Краун Поинт, Индијана, им посакувам успешно организиран и благословен Собир.

**Со божји благослов,**
**Митрополит Методиј**












# НЕДЕЛНОТО УЧИЛИШТЕ ОД ЦРКВАТА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ПОДГОТВЕНО ЗА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА 2024/2025



*Пишува и уредува Снежана Тешовиќ, учителка во училиштето во МПЦ Свети Климент Охридски, Торонто*

Почитувани читатели! Септември ни носи голема радост!

Училиштата се отворени а нема ништо поубаво од тоа да се слушне веселиот, ѕвонлив, мило звучен глас на дечињата кои брзаат кон училиштето како птици во радосен лет, возбудени за повторна средба со другарчињата и учителите.

### СЕПТЕМВРИ РАДОСТ НОСИ

Септември е месец на радости, на многу овошни сладости. Летото брзо ни мина во прошетки низ земјава мила.

Први септември е радост, прв училишен ден, се слуша школски ѕвон, завршува безгрижниот сон.

Наутро кон училиште децата радосно одат, а со себе на лицата и насмевките си ги водат.

Ели Маказлиева

Што учиме и работиме во Неделното училиште по македонски јазик?



Во Неделното училиште по македонски јазик ја учиме азбуката со најмалите, учиме да читаме, пишуваме и зборуваме на македонски јазик.

Пишуваме состави и песнички. Пишуваме честитки по повод Нова година, Божиќ,Осми март, родендени и слично.

--Учиме за моралните вредности, како да се сакаме и почитуваме еден со друг, почит кон родителите и возрасните.

-Изготвуваме постери. --Реализираме проекти како на пр: продажба на колачиња, топло чоколадо, пуканки и лимонада

--Учествуваме на скоро сите културни настани и манифестации во црквата

--Организираме еднодневни екскурзии -- посета на фарма

--За Прв пат организиравме Годишен концерт со богата програма и голема посетеност. Неделното училиште не е само училиште по македонски јазик.Училиштето ни е втор дом на сите нас. Преку училиштето ја промовираме и негуваме љубовта кон татковината.Тука сите ние се чувствуваме како дома. Училиштето е место каде секој ученик е добредојден, значаен, прифатен,почитуван, охрабрен,ценет, еднаков.



Изучувањето на македонскиот јазик во Неделното училиште е од особено значење.Тоа е значајно за зачувување на нашите корени, традиции и врските со родниот крај. Македонскиот јазик е дел од нашиот идентитет и наше најголемо богатство. Јазикот е нашата татковина.

Доколку имате дечиња што до крајот на годината ќе наполнат 6 години или се постари запишете ги во Неделното училиште каде ќе имаат можност да го изучуваат македонскиот јазик.На тој начин вашите деца ќе научат да се вреднуваат себеси, својата култура, традиции и идентитет.

Нека ни' е среќна и Благословена Новата учебна 2024/25 година!










**МАКЕДОНСКА АЗБУКА, ГОЛЕМИ И МАЛИ БУКВИ:**

Аа Бб Вв Гг Дд Ѓѓ Ее Жж Зз
Ѕѕ Ии Јј Кк Лл Љљ Мм Нн
Њњ Оо Пп Рр Сс Тт Ќќ Уу
Фф Хх Цц Чч Џџ Шш

**МАКЕДОНСКА АЗБУКА, РАКОПИСНИ БУКВИ:**






## НА 9-ТИ АВГУСТ МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ОД ТОРОНТО ЈА ПРОСЛАВИ ЛЕТНАТА ХРАМОВА СЛАВА



Со божествена литургија во која освен храмовите свештеници, отец Сашо Целески и отец Александар Тодоровски учествуваа и повеќемина македонски свештенослужители од црквите на македонската православна епархија на македонската православна црква катедралата Свети Климент Охридски од Торонто ја прослави својата летна храмова храма.На празникот на големиот македонски и сесловенски просветител Свети Климент Охридски чудотворец кој се родил во Охрид чијшто заштитник е, а починал на 9 август 916 година кумуваа Никола и Татјана Јосифоски со нивната фамилија.Св. Климент Охридски чудотворец е најпознатиот ученик на светите браќа Кирил и Методиј, последен од нив починал и поради тоа денот на неговото упокојување бил земен за нивни заеднички празник. Богослужбата беше посетена од повеќемина македонски верници, почитувачи на ликот и делото на Свети Климент Охридски. По божествената литургија женската секција предводена од претседателката Вера Стевановска подготви празничен ручек.























Come and join the Ensemble Makedonka family as we celebrate 65 years of Excellence this dance season! •1959 ~ 2024 •
Join Canada's first formed Macedonian folklore Ensemble and the most prestigious in North America.
All are welcome to join our big & wonderful dance family.
Registration at www.ensemblemakedonka.com. Ages 3+.

Returning families can register by logging into their Ensemble Makedonka Parent Portal.
Classes begin Tuesday September 17th, 2024.
We look forward to seeing you all there.




We are excited to announce the very first Karate lessons at St. Clement for ages 5-85!
Contact Chris Tolevski at 647-515-0179 for more information.
Со задоволство ви ги најавуваме првите часови по карате на Свети Климент! За повеќе информации контактирајте го Крис Толевски на 647-515-0179.

















## ФОТОГРАФИИ ОД ЛЕТНИОТ ФЕСТИВАЛ НА ЦРКВАТА СВ.НЕДЕЛА, ЕЈЏАКС
















fantastic

brought

joy and

on! May

We are delighted to announce the addition of two beautifully hand-carved tables to our church, crafted by the talented Goce Gjoreski from Ohrid, Macedonia. These exquisite pieces of art are a testament to his remarkable skill and dedication to preserving our cultural heritage.



One of the tables has been generously donated by the Canadian Macedonian Seniors, from Ajax, led by their president, Slave Temelkovski. We extend our heartfelt gratitude for their contribution, which enhances the beauty and functionality of our sacred space.

The second table is available for donation. If you or anyone you know is interested in contributing, please reach out to the Very Reverend Aleksandar Zashov.

Thank you for your continued support and generosity.

Со голема радост објавуваме дека нашата црква се збогати со две прекрасни рачно изработени маси, изработени од талентираниот Гоце Ѓорески од Охрид, Македонија. Овие извонредни уметнички дела се сведоштво за неговата извонредна вештина и посветеност кон зачувувањето на нашето културно наследство.

Едната маса е великодушно донирана од Канадско-Македонските Пензионери, од Ејџакс, предводени од нивниот претседател, Славе Темелковски. Искрено им се заблагодаруваме за нивниот придонес, кој ја збогатува убавината и функционалноста на нашиот свет простор.



Втората маса е достапна за донација. Ако вие или некој што го познавате е заинтересиран да придонесе, ве молиме да се обратите кај протоереј Александар Зашов.

Ви благодариме за вашата постојана поддршка и великодушност.




ADDRESS:
485 BAYLY ST W,
AJAX, ON L1S 6M7

PHONE:
(905) 426-5355

# ФЕСТИВАЛОТ НА ЦРКВАТА СВЕТА НЕДЕЛА ОД ЕЈЏАКС БЕШЕ НАСТАН НА ЛЕТОТО ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ НА ОНТАРИО





На 20-ти и 21 јули 2024 година по повод патрониот ден на македонската православна црква Света Недела од Ејџекс се одржа традиционалниот македонски летен фестивал. Управата на црквата, женската секција, низата волонтери и спонзори вложија максимален труд за беспрекорна презентација на македонската култура и традициите во текот на двата фестивалски дена.

Претседателот Славе Бунтески се заблагодарува до женската секција раководена од претседателката Милица Попоска и сите волонтери чиј што труд беше пресуден за големиот успех на фестивалот.

Беше забележана извонредна посета на Македонци и пријатели на македонскиот народ кои се воодушевуваа во разнобојноста на македонските носии, звукот на македонските музики, вкусот на македонските традиционални специјалитети и бројните пијалоци, како и на гостите од португалската заедница.



Особено задоволство претседателот Бунтески изразува до групата Македонци од сестринската црква Свети Никола од Виндзор кои организирано допатуваа во посета на фестивалот.

Предводени од претседателката на црквата Свети Никола Вера Најдовска, збратимените гости разменија срдечни подароци и поздрави, а беа пречекани и испратени со македонска музика и овации.





Програмскииот дел обилуваше со музички звуци и ритми од Македонија во изведба на познатите македонски уметници Христо Георгиев Ице, Тасе Стојановски и Васко Петровски, како и на фолклорните групи ,,Македонка,, од црквата Свети Климент Охридски, ,,Здравец,, од Св. Димитрија Солунски од Маркам, и,,Ѓердан ,, од Свети Никола Виндзор.







# VAC DEV

Accredited Nadcap

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

## VAC DEVELOPMENTS LTD
## http://www.vacdev.com

**2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3**

# Bill Hristovski




## Join the VAC Dev Team!

***An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.***

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## VAC Developments Ltd careers

***Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Planner Production - Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Manual Machinist***
Oakville, ON • Full-time

***Estimator Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Deburrer Grinding Technician - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Assembler Part Markers -Aerospace***
Oakville, ON • Full-time






# SINGING AND DANCING IN THE RAIN, MACEDONIAN STYLE


Mary Outow, President







Pictures from the Lerinski Picnic 2024

The Lerinski Picnic held on August 18, 2024 at Ilinden Park was a tremendous success. The challenging weather did not stop the brave people who came to share a day of socializing with friends and enjoying Macedonian dancing to music by Chris Klashoff and the Boys from Bouf. There were enough of us. Kolko cme? Tolko cme. Dosta cme!

The Lerin Committee worked hard to put this year's event together. Free corn on the cob and free hot dogs were given to the people in appreciation for their support. A big thank you to the United Macedonians Organization of Canada for making their park available to Lerin. Ilinden Park was in top shape.

On Sunday, September 29, 2024 Lerin will be hosting a free Family Day Luncheon at St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral. As an added bonus, Lerin is pleased to have the Sonja & Oliver Band performing during the event.

All are welcome to come and enjoy an afternoon of Macedonian dancing and luncheon, all free of charge.

**On Sunday, September 29, 2024**
**„Lerin„ will be hosting**
**a free Family Day Luncheon**
**at St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral. As an added bonus, Lerin is pleased to have the Sonja & Oliver Band performing during the event.**









ST. ILIJA
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
СВ. ИЛИЈА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

1775 BRISTOL ROAD WEST
MISSISSAUGA ON L5M 2Y5
PHONE: 905-821-8050
WEB: WWW.ST-ILIJA.CA

PARISH PRIEST:
O. BLAGOJ PENEV
289-885-43347
FATHERBLAGOJ@ST-ILIJA.CA



# ЦРКВАТА СВЕТИ ИЛИЈА ОД МИСИСАГА НА 2-РИ АВГУСТ ГО ЧЕСТВУВАШЕ СВОЈОТ ПАТРОНЕН ПРАЗНИК ПОСВЕТЕН НА СВ. ПРОРОК ИЛИЈА, А ИЛИНДЕНСКИОТ ПИКНИК БЕШЕ ВИСТИНСКИ УСПЕХ!



По повод патронот на МПЦ Св.Илија, Мисисага, управниот одбор со сите помошни секции на црквата Св. Илија подготви бесплатен ручек. Ручекот се служеше веднаш после Светата Литургија во петокот на 2ри Август 12 часот. Светиот пророк Илија е еден од најголемите пророци и прв девственик во Стариот Завет. Се родил во Тесвија Галаадска, во коленото на Левиј, 900 години пред Воплотувањето на Бог Словото.Од денот на огненото вознесување на Небото, почитувањето на пророкот Илија во Христовата Црква никогаш не се прекинало.

Иконописната традиција го слика пророкот Илија како се вознесува во кола со огнени тркала, која е окружена од сите страни со пламени и запрегнати четири крилати коњи. Пророк кој пали и гаси на небото и земјата.

Во народното верување свети Илија се смета за клучар кој го отклучува или заклучува небото и го пушта или запира дождот, бидејќи се верува дека тој повела со летните громотевици.

По традиција во чест на патрониот ден на црквата Свети Илија, беше организиаран и големиот Илинденски пикник кој се одржа во паркот на црквата Свети Илија лоциран на ,,Дери Роуд,, во Мисисага.Празничниот ден, недела 28 јули беше збогатен со програмата на фолклорниот ансамбл ,,Илинден,, од црквата домаќин, како и со целодневната музика и звуците на популарната музичка група ,,Балкан Ентертејнмент,,. Црковната управа заедно со останатите црковни секции се потруди овој илинденски пикник да биде беспрекорно организиран со можност за купување на свежо подготвена храна и разновидни пијалоци, а присутните посетители имаа само пофални зборови.












**Ви пренесуваме неколку фотографии од Илинденскиопт пикник.**





# RIVER SIDE PRESENTS

# ZelnikFest

## SUNDAY SEPTEMBER 22ND
## 12 PM
## ST. ILIJA MOC
## 1775 BRISTOL RD WEST

**TO DONATE PLEASE CONTACT GEORGE AT 647-710-3836**

**LIVE MUSIC BY SONJA & OLIVER BAND**



Charitable Gaming. Community Good.

MACEDONIAN SENIOR CITIZEN CLUB "RIVER SIDE" OAKVILLE & MISSISSAUGA

Delta BINGO▸GAMING




## A JOYFUL VISIT TO ST. NEDELA CHURCH IN AJAX ON THEIR PATRON SAINT DAY – JULY 20, 2024





A bus load of parishioners from St. Nicholas Church journeyed to St. Nedela church in Ajax to join in their patron day celebration. The visit, was a heartwarming display of unity and shared devotion between the two communities. It was a wonderful opportunity to strengthen our bonds with the St. Nedela community and share in the joy of their celebration.

Upon arrival, we were greeted with music and dancing and warmly welcomed by members of St. Nedela Church, who had prepared a series of festivities to mark the occasion. The day's events included a special liturgy, followed by a feast, where parishioners from both churches shared a meal and enjoyed traditional dishes. The festive atmosphere was further enhanced by lively music and cultural performances by folk dance groups "Ensemble Makedonka" from St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral of Toronto and our very own dance group "Gerdan", displaying our rich heritage and traditions.

Expressions of gratitude were exchanged between the two communities, extended heartfelt thanks to their hosts for the warm hospitality and meticulous planning that made the visit so memorable. We are deeply grateful for the wonderful hospitality extended to us by all of St. Nedela Church community. The visit was more than just a celebration; it was also an opportunity for long lasting friendship and building stronger ties.

As the day drew to a close, the visitors and hosts exchanged gifts and heartfelt goodbyes, and were sent off with music and dance. Thank you to the president of St. Nedela church Slave Bunteski and all the members of St. Nedela who made our visit very joyful and will remember it for years to come.







## CELEBRATING WINDSOR'S TWIN CITY- OHRID - JULY 26, 2024



On July 26, 2024, the City of Windsor proudly unveiled a new Symbol of Friendship Display to honour and recognize the City of Windsor's Twin Cities. Located on the City Hall Square campus, a 25-foot pole holds an individual sign for each of Windsor's twelve Twin Cities. Each sign includes the Twin City name, country, flag, and distance from Windsor. The signs are orientated to point towards each of the Twin Cities, arranged in order of when the twinning relationship was established. The city of Ohrid has been Windsor's twin since 1981. On the sign the distance from Windsor to Ohrid is 7995 km pointing east.

The monument was unveiled by Windsor's mayor Drew Dilkens and representatives of the city council. Representatives from our community dressed in traditional folk costumes were present and the president of St. Nicholas church Vera Najdovska gifted the mayor of Windsor the book "The Soul of Macedonia-Macedonian Churches and Monasteries" by Nace Popov.






## Hrista Stefanova opening Exhibit "Transference" - August 14, 2024

Artist Hrista Stefanova exhibition "Transference" opened at the Dry Goods Gallery on Drouillard Road in Windsor on August 14, 2024. The exhibit was well attended by art lovers and representatives of Art Windsor-Essex gallery where Hrista has been one of two RBC Emerging Artists in Residence in 2024. Prior to opening her exhibit, Hrista spoke with Windsor Morning host Amy Dodge of CBC about her work, describing how she created her monumental latex casts of different architectural facades though Ford City.

"Transference" exhibit in Hrista's words: "I explore how memory can take physical form, especially through the human traces left on historic sites. Rachel Whiteread describes this as "the residue of years and years of use." Using latex casting methods, I capture intricate details in architecture, drawing attention to the often-overlooked elements in our built environment. Thee skin-like latex impressions act as ghostly mirrors of their original surfaces.

The Dry Goods Gallery Space provides a perfect frame for the cast windows, creating a dialogue between the site and the artwork – windows within a window. This accessible viewpoint invites passersby to pause, look more closely at their surroundings, and appreciate the details and stories embedded in Windsor's historic architecture."

Transference Exhibit will be on display at the Dry Goods Gallery Space until November 17, 2024.









# 40TH ILINDEN PICNIC – JULY 28, 2024

This year we celebrated 40th anniversary of Ilinden Picnic with music, dance, delicious food, and kid-friendly activities and family fun for all. The 40th anniversary picnic was a resounding success, bringing together friends and families for a day of celebration and fun. Attendees of all ages enjoyed a wide array of activities, featuring live music by Hristo Georgiev-Ice and Chris Dimovski and performances of dances by our dance group Gerdan dressed in the traditional folk costumes. From energetic folk dances, the dance floor was a lively space where everyone danced from young to old.

The food at the picnic was a major draw, with a variety offering a range of delicious options, sweet and savoury. Attendees enjoyed classic Macedonian food, reflecting our rich heritage.

The picnic also featured a host of activities designed to keep younger guests entertained. The kids' area was packed with fun options, including face painting by FunckyFaces, arts and crafts and exotic animals by Zoo2You. The presence of a firetruck and firemen was a big hit with the kids. They had the chance to explore the truck, meet local firefighters, and learn about fire safety in an engaging and interactive way. The children loved all the activities and especially the chance to see the firetruck and the exotic animals up close.

As the day drew to a close, the sense of community and celebration remained strong. Attendees reflected on the significance of the 40th anniversary, appreciating the opportunity to come together and honor the past while looking forward to the future.

It's moments like these that remind us of the strength of our community and the importance of coming together to celebrate our shared heritage.

Here's to many more years of community gatherings and patriotic holiday celebrations.














# 39th St. Nicholas Macedonian Golf Tournament - August 18, 2024

**On Sunday August 18, 2024 the 39th Macedonian Golf Tournament of St. Nicholas Church was held at Coachwood Golf & Country Club in Amherstburg, Ontario. Some 60 golfers participated on a perfect weather day. The golfers enjoyed themselves very much at the golf course and equally at St. Nicholas Center for lunch, trophy awarding, prizes and socializing and having a great time.We thank all the hole sponsors and gift donors for this event but most of all, a Big Thank you to all the golfers that participated. See you all next year!**

**Looking forward to NEXT YEAR'S 40TH ANNIVERSARY CELEBRATION of St. Nicholas Golf Tournament!**
















# Македонско литературно друштво ,,Браќа Миладиновци,, - Торонто

## СЕМАКЕДОНСКИ ПОЕТСКИ ФЕСТВАЛ НА ВОДА



Едно големо благодарам на Литературното друштво “ Браќа Миладиновци”, од Торонто за трпението и заложбата да го афирмира нашиот мајчин Македонски јазик покрај другите поети и преку досега објавените мои творби и писанија.

Изданието на книгата “Светиите наши”, од авторите на Конкурсот , СЕМАКЕДОНСКИ поетски фестивал на вода, организиран од ПОЕТСКИ НОТИ, на кои се претставени поети од целиот свет, кои пишуваат на македонски јазик, со кирилично писмо, ја покажа и докажа желбата на поетите да пишуваат на својот мајчин јазик и да го шират низ светот нашето писмо.Покрај поетите од целата наша Македонија, учествуваа и поети од дијаспората:

Од Австралија, Оливера Јовановски, од Австрија Марија Црвенковски, од Албанија Крисанта Јанкула, од Канада Драгица Димовска, Вера Вржовска Петревска, Благица Дафовска, Каролина Ристеска, Алексо Лозановски, Рада Видиновска и други.

Промоцијата во нашата матична Македонија се одржа на брод на Охридското езеро. Се планира ова прекрасно дело да се промовира и во Германија, Чешка, Австрија, Австралија и во Торонто.Со нови македонски изданија и натаму низ светот.Со особена почит од уредникот. Вера Самарџанин.



Канадскиот Музеј на Јазици, кој се наоѓа во кампусот Глендон на Универзитетот Јорк, основан во 2011 година од д-р Елејн Голд, беше домаќин на изложбата на Македонски јазик организирана и подготвена од д-р Кристина Е. Крамер и Маргарет Тодороска. Изложбата се одржа во недела на 23 јуни. Многу Македонци, македонски друштва и организации излегоа да покажат поддршка, како Друштвото на Канадско Македонското Наследство (Canadian-Macedonian Heritage Society), Литературното Друштво "Браќа Миладиновци" и студенти од Универзитетот во Торонто. Д-р Голд, д-р Крамер и г-ѓа Тодороска работеа на подготовка на изложбата од декември 2023 година. Изложбата се фокусираше на историјата на македонскиот јазик и го следеше неговото патување до Торонто. Користејќи го истражувањето на неверојатните академици Лилијан Петроф, Ендрју Росос, Виктор Фридман и самата д-р Крамер, изложбата ја демонстрира богатата историја на македонскиот јазик. Голема благодарност до Гоце Тодороски за финансирањето на изложбата. Антологиската збирка "Песнопојност" беше донирана во "Музејот на јазиците" и таму ќе остане како вечен сведок на македонското литературно творештво. Доколку немавте можност да ја посетите оваа изложба, можете да ја видите копијата од постерите на веб-страницата на Канадскиот јазичен музеј https://languagemuseum.ca

## БЛАГОДАРНИЦА ОД ЛИТЕРАТУРНОТО ДРУШТВО "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЦРКОВНАТА УПРАВА НА СВЕТА НЕДЕЛА СЛАВЕ БУНТЕСКИ





На овогодишниот Летен Фестивал на црквата Св. Недела од Ејџакс (Канада), кој се одржа на 20-ти и 21-ви јули, на претседателот на црковната управа господин Славе Бунтески му беше врачена Благодарница од Литературното друштво "Браќа Миладиновци" за неговата извонредна соработка во текот на досегашниот мандат. Истовремено му беше подарена и првата книга збирка песни "Песнопојност" од македонски поети ширум светот која беше издадена од ова друштво како резултат на конкурсот објавен на почетокот на годинава.

## ПИСАТЕЛКАТА ВЕРА БЛАГОЈЕВИЌ Е ДОБИТНИК НА ПРИЗНАНИЕТО НАЈПЛОДЕН МАКЕДОНСКИ АВТОР ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1991 ДО 2024 ГОДИНА






Во рамките на манифестацијата ,,Велешко Лето,, на 16-ти август се одржа ,,Велешка поетска вечер,,.и при тоа на писателката Вера Благојевиќ која е член на Литературното Друштво ,,Браќа Миладиновци од Торонто и' беше врачено највисокото признание.

Во таа пригода госпоѓа Вера изјави:

,,Голема благодарност до Општина Велес, градоначалникот, господин Марко Колев, Клубот на писатели “Коста Солев-Рацин” од Велес, Претседателката Лили Арсова и членството, како и до сите поети и писатели, љубители на пишаниот збор од цела Македонија, кои настанот ми го разубавија со своето присуство. Мојата 121 книга и сите пред неа, ги напишав благодарејќи на сите вас, почитувани поети, зашто според мене, никој ништо не може да направи сам. Вашата поддршка, ми даваше сила до сега, а од сега натаму задолжение, обврска која морам да ја исполнувам со вас сите и со Господ напред.

Благодарност до моето семејство, кое истрајно ми помагаше да постигнам се’ што постигнав".

## СЕ ВРАЌАМ ДОМА

Пак се враќам дома во мојата земја
Во мојата Македонија
Во мојот град Битола
Во моето село Оризари
Во куќата Враговска на сите нас што од таму сме излегле.
На сите тие што во неа живеат
И во куќата моја и твоја што заедно ја изградивме.
Убава моја татковино,
Мила Македонијо
Те газеле душмани
Те продавале и
име ти сменувале
Народ не ти признавале.
А ти горда исправена стоиш
Знаеш дека никој ништо не ти може
Ниту да те уништи ниту да те заборави.
Ти си библиска и вековна земја
Со народ мирен ангелски,
Ангелски македонски
Вечна си Македонијо!
А јас пак и пак назад ќе се враќам
Во моето омилено место
На моите спомени од моето детство,мојата младост
и мојата радост
Во мојата и твоја Македонија!

**Драгица Димовска**

## ИМАМ НЕШТО ДА ВИ КАЖАМ

(Лебдев во чудесен простор на сознанија
обземена со зборот за науката, зборот за вистината )
Кога јас длабоко ја насочив мислата
кон вистината, кога се пронајдов
и открив себе си опседната со наивност
добрина,
возбуда,
посветеност и
чудна вознемиреност;
Ме мореа лоши сништа и сеништа
за разделината – виделината
за Словото свето – пресвето
певливо низ вековите
со Божја волја
и благослов создадено
од светите браќа Кирил и Методи
за народите
- за Светилиштето !
- Ме мореа лоши сништа и сеништа
за лекциите и часовите незавршени
со беседа за учителот Климент
- со песните недопеани ...
приредбите
и рециталите.
Лебдев во чудесен простор
обземена со зборот за вистината
зборот наш научен, istoriski
зборот мајчин, македонски
- кој неделна божја проповед ми значи ...
што бројни и млади генерации
поведе кон иднината.
А ти, ти сакатуро една, на патот долг
како труло дрво се препречи
... бура-силна бура се создаде
и потече низ моите дамари.
Неспокој и неспокој ме водеа
во изгревот на денот со голема тегоба.
Години изминати ...
дуел со тебе,
- и со тие до тебе
се водеше ...
Кога јас длабоко ја насочив мислата
кон вистината,
видов колку си ништожна
и ништожен беше до тебе, тој...
( со вашите придружници)
со вашите злодела што ги извршивте
врз Словото свето, слово Климентово
- Но, тоа вечно ќе пламти
а јазикот наш македонски
насекаде убаво звучи, во
Интернационалната јазична програма
долги години и децении се изучува
и учи, и секогаш ќе се учи !

Имам нешто да ви кажам ...
- Кога јас длабоко ја насочив мислата
кон вистината за Словото свето
и хероизмот на нашите борци
и славни Илинденци, и покрај се,
... Наместо со омраза и револт,
со љубов, дарежливост и песна
ви беше возвратено.
Тоа беше сторено во чест и слава
на првиот просветител, книжевник
и поет, наш заштитник
- Свети Климент Охридски,
- во чест на 8-ми Септември
- во чест на Македонија.

**БЛАГИЦА ДАФОВСКА**

Почитувани вљубеници на поетскиот збор и редовни читатели на нашиот ценет весник „Македонија“- по повод 8-ми Септември Денот на Независноста на Република Македонија
Ви испраќам празнични поздрави од рубриката „Поезија со повод,, со оваа моја песна ИМАМ НЕШТО ДА ВИ КАЖАМ.



Пишува писателката од Мала Преспа Крисанта Јанкула

## ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО АЛБАНИЈА/ ПОПИСОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

### Каде сте Преспанчиња, каде сте, кај отидовте?

Во октомври 2023 година во Република Албанија се направи попис на населението.На тој попис бевме вклучени и ние Македонците кои живееме во Албанија и сме нејзини државјани.Резултатите од тој попис се објавија после неколку месеци,во јуни 2024 година.На овој попис бројот на населението е драстично намалено.Ако пописот одржан на 2011 година регистрира 5500 жители , само декларирани Македонци во Преспа под Аалбанија (Мала Преспа),кои со векови од кога е создаден животот, живеат на своите прадедови огништа, сега на овој попис оваА бројка беше намалена на 2400 жители.

И како за плачење ти доаѓа на ум песната „-Каде сте Македончиња Каде сте, кај отидовте? А ние да пееме : -Каде сте Преспанчиња,каде сте кај отидовте?До колку бројот на Бугари во Преспа во 2011 година беше 0 на овој попис за чудо невидено ни се родија 400 такви.На овој попис и бројот на албанското население е доста намален , со окулу 400.000 луѓе,бидејки младите масовно си бегаат по светот за подобар живо,истото се случи и кај нас Македонците во Албанија.Како и во Преспа и во цела Албанија на пописот од 2011 година немаше ниту еден Бугарин,(имаше 0 бугари)- сега на овој попис во цела Албанија се регистрираа 8000 Бугари. Албанската влада за свои интереси дозволи вештачко бугарско малцинство да се влезе во досегашните малцинства во Албанија. До колку во областа на Гора и Голобрдо каде живее македонско малцинство, владата не признава такво. Албанската влада му дозволи на бугарскиот амбасадор да шета во Гора, Голобрдо и во Преса и да продава бугарски пасоши . И така во Албанија се купија 8000 бугарски пасоши, а Албанската влада во Албанскиот прламент признај бугарско малцинсто со цел Бугарија да им помогне за да стане членка на ЕУ.За овој неправеден резултат никој во Преспа не се сложува.Управата на единствената Македонска Партија (МАЕИ) здружена со сите други албански партии на другите малцинства и со македонските друштва што се во Албанија, ги фрла долу овие резултати и бара да се повтори цензусот. Ова го бара и од ЕУ. Но за овој неправеден резултат, мислам дека сме и сами виновни.Си го продадовме нашиот идентитет (не сите ,туку само тие што се преставија како Бугари) за еден проклет бугарски пасош,за да избегаме негде низ светот.Се разбира за подобар живот и ова не е за обвинување но сепак.......Крајното време по неколку македонски телевизии, поканети управници на Македонската партија и на друштво Преспа се караат меѓу себе и вината за овој резултат ја фрлаат еден на друг. Една наша народна поговорка вели;-Кабаетот и еден товар злато да е
Никој не го зема. По мое видување грешка беше што преспанските преставници на друштвото и партијата во институциите во Македонија ги канеа сами по сами
(одделно), а не заедно.Тоа престави недобра слика пред јавноста како да сме одделени и едни против други. Ние Преспани, многу доообро знаеме како управата на друштвото Преспа и МАЕИ ги носеше сите Преспани кои работат сезонски во Македонија, а и некои живеат таму да ја организираа работата и да ги донесеа во Преспа за да се регистрираа т на пописот исто како што правеа кога ги носеа за гласање за своите интереси.Тие што го правеа пописот беа наши чупиња и момчиња.Кога ќе врвеа по куќи за попис да кажеа и да ја организираа работата ,да дојдеа на попис сите Македонци што имаа можност.Ниту албанската влада, не му дојде на помош на македонското малцинство, кога бугарскиот амбасадор кружеше низ Преспа,Гора и Голобрдо и ги мамеше луѓето со бугарско државјанство и со фрлена коска како пасош.Албанската влада поради свои интереси дозволи да се создаде ова вештачко бугарско малцинство за да влезе во ЕУ, ами нашите позиција и опозиција во Македонија што праевеа?Никој не се виде да дојде во Преспа и да им помогне на луѓето,барем со совети ,со морална поддршка,да засенчеа таму, а луѓето да се охрабреа и да замислеа дека некој се грижи за нив.Само после пописот сите излегоа патриоти и( :партизани после борба;) кој од кој поголем патриот.Се делат на патриоти и не патриоти.Се караат пред очите на јавноста.Срамота....На место карање треба да се соберат ,а се соединат и да работаат за заедничкиот интерес на Македонците во Албанија, а не ставајќи ги во уста интересите на Македонците во Албанија имаат друга позадина.Се борат за свои лични интереси ,за да дојдат на власт и лично да искористат од ова лоша создадена ситуација. Зарем овие големи патриоти не знаат кои се тие што го продадоа својот идентитет и се попишаа како Бугари?Знаат.Ама што можат да речат кога и нивни членови од семејството имаат такви пасоши? Време е, во Преспа да управуваат момчиња кои живеат таму и се во тек со животот и ситуацијата,со тешкотиите на овој живот на Преспани. Доста веќе од далеку, со дулбија да ја гледаат Преспа и да користат од неа.Ако им е жал,тука во Преспа ги имаат куќите,родителите, нека дојдат нека живеат и нека ја управуваат неа.А не од странство ,ќе ја раководиме Преспа , македонската партија и кој знае колку друштва!

Страницата е поддржана од Друштвото ,,Мала Преспа,, - Канада



## ДЕКЛАРАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ПАРТИЈА ВО АЛБАНИЈА ЗА ПОПИСОТ И МАКЕДОНЦИТЕ

***МАКЕДОНЦИТЕ И ДРУГИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО АЛБАНИЈА НЕ ГО ПРИФАЌААТ ПОПИСОТ ОД 2023 ГОДИНА И БАРААТ НОВ ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО СОГЛАСНОСТ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗАРАДИ МАНИПУЛАЦИЈА СО БРОЈКИТЕ НА МАЛЦИНСТВАТА.***

На 5 август 2024 година, во Корча се одржа седница на Централниот комитет на единствената македонска партија во



Албанија – Македонска алијанса за европска интеграција, под претседателство на Васил Стерјовски. Централниот комитет на Македонска алијанса за европска интеграција ја разгледа актуелната состојба во партијата и државата, а во врска со пописот на населението во септември 2023 година и објавата на прелиминарните резултати годинава и утврди посебна декларација која ја објавуваме во целост.

ИМАЈЌИ ја предвид антимакедонската политика на Бугарската Влада во Албанија, СООЧЕНИ со агресијата на бугарскиот национал-шовинизам и нацифашизам за денационализација и асимилација на етничките Македонци во Албанија во "етнички Бугари", и СВЕСНИ за последиците од антимакедонизмот на Софија, Централниот комитет на единствената македонска партија во Албанија – Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ) на состанокот одржан во Корча, Република Албанија на 4 август 2024 година, утврди ДЕКЛАРАЦИЈА

**(1)** Ги отфрламе прелиминарните пописни резултати од пописот одржан во Албанија од 18 септември до 16 ноември 2023 година, поради фалсификат на бројот на етничките Македонци, со грубо мешање на Бугарија во внатрешните работи на Албанија пред и за време на пописот на населението.

**(2)** И покрај постојаното алармирање пред јавноста и институциите на власта на Албанија во текот на цела година, за очигледните подготовки за пописен фалсификат, изразуваме жалење поради незаинтересираноста на Албанската Влада за грубото мешање на Бугарија во внатрешните работи на Албанија со цел денационализација и асимилација на Македонците во областите и местата каде што живеат. Жалиме што Албанската Влада не презеде мерки за заштита на правата и слободите на Македонците во Албанија.

**(3)** Македонците и другите малцинства во Албанија не го прифаќаат пописот од 2023 година и бараат нов попис на населението во согласност со меѓународните стандарди заради манипулација со бројките на малцинствата.

**(4)** Во Албанија, според сите историски факти и пописи спроведени со годините назад, вклучувајќи го и пописот од 2011, во областите Преспа, Голо Брдо, Гора и Врбник, каде што Бугарија "бара" бугарско малцинство, има самопрогласено македонско малцинство кое го има истиот фолклор, традиција и јазик како Македонскиот народ во целина во сите држави на Балканот, живее во компактни области на границата со Македонија и има територијален континуитет со државата Македонија, нема никаква врска со Бугарија.

**(5)** Бараме забрана за активностите и донациите од страна на Бугарија, бугарската амбасада во Тирана и бугарските фондациии во областите каде што живее македонската заедница, претставувајќи ги како Бугари, бидејќи овие дела претставуваат грубо мешање во внатрешните работи на Албанија и поттикнуваат етничка нетрпеливост. Македонците во Албанија се лојални граѓани и даночни обврзници.

**(6)** Бараме од Албанија да вложи во развојот на регионите каде што живеат Македонците, бидејќи тие се најсиромашни региони во Албанија запоставени во изминатите 30 години, за подобрување на условите за живот и работа. Не смееме како држава и општество да дозволиме, поради сиромаштијата, нашите сограѓани да станат жртви во обидите за негација и асимилација од страна на Бугарија.

**(7)** Даваме целосна поддршка на раководството на партијата Македонска алијанса за европска интеграција и најостро ги осудуваме координираните напади врз Македонска алијанса за европска интеграција од различни структури од Бугарија, Албанија и Македонија со цел дефокусирање на вниманието од заедничкиот непријател на Македонците во Албанија и воопшто во светот – Владата во Софија!

**(8)** Македонска алијанса за европска интеграција ги повикува сите Македонци членови на други политички партии во Албанија да пристапат во единствената македонска партија во Албанија – Македонска алијанса за европска интеграција.

**(9)** Ги повикуваме на единство сите Македонци од Албанија кои живеат и работат надвор од нејзините граници во светот, заради одбрана на македонскиот идентитет пред институциите на власта во Албанија и пред меѓународните организации за човековите и граѓанските права и слободи.

**(10)** Етничките Македонци се лојални албански државјани, но претставуваат неотуѓив, нераскинлив и неостапен дел од Македонскиот народ како носител на државноста во Македонија.

**(11)** Ја повикуваме Македонската Влада на грижа за положбата, правата и слободите на Македонската заедница во Албанија и изготвување на долгорочна национална стратегија поддржана од сите македонски партии, и од власта и опозицијата. (12) Македонска алијанса за европска интеграција ќе продолжи да не се меша во политичките пресметки во Република Македонија и да не зазема страна. Институционално ќе соработува со сите политички партии и институциите на власта во Република Македонија.

**(13)** Очекуваме политичките партии и институциите на власта од Република Македонија, да ја поддржуваат Македонската партија во Албанија и заштитата на правата на Македонците, без разлика со кого ќе коалицираат во Албанија.

**(14)** Го овластуваме претседателството на Македонска алијанса за европска итеграција да ги превземе сите мерки и пред судовите во Албанија да ги оспори бројките од пописот и пописниот иженерениг за Македонците и да го отфрли пописот како груб фалсификат поради бројните нерегуларности и надворешно влијание за пописни манипулации.

**(15)** Оваа Декларација се доставува до: Собранието, Владата, Претседателот, Државниот институт за статистика и Народниот правобранител на Албанија, Претседателот, Собранието и Владата на Македонија, како и до Европската Унија, Советот на Европа, ОБСЕ, Европската слободна алијанса и дипломатско-конзуларните претставништва во Албанија.

# СВЕТСКИ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС - КАНАДА И ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА ОТВОРЕНО ПИСМО ДО ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА И ПРЕМИЕРОТ НА МАКЕДОНИЈА ЗА РАБОТАТА НА МАКЕДОНСКАТААМБАСАДА ВО ОТАВА И МАКЕДОНСКИОТ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛАТ ВО ТОРОНТО!

22 август 2024 година, Торонто, Канада - Поттикнати од желбите и барањата повторно да се вратат македонската амбасада во Отава и македонскиот Генерален Конзулат во Торонто во служба на македонските национални интереси и Македонската заедница во Канада, Светскиот Македонски Конгрес - Канада и организацијата Обединета Македонска Дијаспора упатија отворено писмо до Претседателката и Премиерот на Македонија проф.д-р Гордана Силјановска Давкова и проф.д-р Христијан Мицкоски.



Во отвореното писмо се вели:

"Разочарани од работата на дипломатско-конзуларните претставништва на Македонија во Канада - амбасадата во Отава и генералниот конзулат во Торонто, Македонците во Канада со македонско и канадско државјанство иницираат нивно повторно враќање во служба на Македонците, а со цел поврзување на иселениците со татковината и на татковината Македонија со иселениците во Канада!

Почитувана претседателке на Македонија, проф.д-р Гордана Сиљановска Давкова, почитуван претседател на Владата на Македонија проф.д-р Христијан Мицкоски, најостро протестираме поради однесувањето на македонските дипломатско-конзуларни претставништва во Канада - неизвршување на нивните обврски без никаков интерес за потребите на огромната Македонска заедница во Канада, воопшто за промоција на Македонија во Канада!

Покрај политичките и економските активности на македонските дипломатско-конзуларни претставништва во Канада, потсетуваме дека примарна задача е да им служат на Македонците со македонско и канадско државјанство кои живеат и работат во Канада, и притоа претставуваат мост за поврзување со татковината Македонија. За жал, целосно се изгуби смислата на нивното постоење во Канада! Поради нивното недржавничко однесување, македонските заедници во Канада повеќе години целосно се отсечени од главната врска со татковината!

Македонските дипломатско-конзуларни претставништва во Канада едноставно станаа обични административни канцеларии за заверка на документи со шалтери за сликање за македонски пасош. Иако, македонските дипломатско-конзуларни претставништва во Канада некогаш важеа за живи сплотувачки центри во кои секојдневно и по разни поводи, претставници од Македонската заедница разменуваа и остваруваа блиски средби со почитување и добредојде.

Сега, со носталгија се сеќаваме на времето кога имавме и пратеник во Собранието на Македонија од Северна Америка, кога имавме и амбасадори, генерални конзули, конзули и македонски пратеници без кои не можеше да се замисли ниеден црковен патронен празник, македонски државен празник, прослава на јубилеји на македонските медиуми, весници, радио програми и телевизиски станици, на кои Македонците со задоволство, гордост и чест, масовно присуствуваа, зацврстувајќи ја врската со матицата Македонија. Македонското знаме гордо се вееше пред Парламентот на Онтарио и пред општинската зграда на Торонто, се организираа македонско-канадски бизнис форуми, политички се лобираше за нашата држава Македонија!

Се присетуваме на прославата на 8-ми Септември - Денот на независноста на Македонија кој беше настан на годината. Тогаш, под покровителство на Генералниот Конзулат во Торонто, последниот македонски Генерален Конзул и црковните управи, а во присуство на високи личности од канадската политика и бизнис заедница, како и заедно со јавните медиуми, се чествуваше Македонија како завет за сегашните и идните генерации Македонци.

Поттикнати од желбата одново да ги вратиме македонските дипломатско-конзуларни претставништва - Амбасадата,Генералниот Конзулат и конзулите во служба на Македонците со македонско и канадско државјанство, како и заради промоција на македонските национални интереси и македонската кауза, ги повикуваме македонските иселеници во Канада, заеднички да го поддржат ова отворено писмо до Претседателката на Македонија проф.д-р Гордана Сиљановска Давкова и Премиерот на Македонија проф.д-р Христијан Мицкоски итно да преземат чекори за решавање на овој акутен македонски државен проблем во Канада.

Почитувани Македонци, мораме одново да ги вратиме врските со татковината, но за тоа е потребно итно отповикување на претставниците во македонските дипломатско-конзуларни претставништва и промена на начинот на нивната работа во Канада!

Почитувни, браќа и сестри Македонци и Македонки,

Ве молиме споделете го ова отворено писмо со барање за итно и безусловно отповикување на политичките дипломати назначени во македонските дипломатско-конзуларни претставништва во Канада од страна на поранешната анти-македонска марионетска влада," - се вели на крајот во отвореното писмо од Светскиот Македонски Конгрес - Канада и организацијата Обединета Македонска Дијаспора до Претседателката на Македонија проф.д-р Гордана Силјановска Давкова и Премиерот н а Македонија проф.д-р Христијан Мицкоски.

UNITED MACEDONIAN DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

WORLD MACEDONIAN CONGRESS CANADA

# ОРГАНИЗАЦИЈАТА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ВО КАНАДА ГО ОДРЖА 66-ТИОТ ИЛИНДЕНСКИ ПИКНИК

Торонто, 4. август, 2024: По повод македонскиот национален и верски празник Илинден, и во присуство на илјадници посетители, Организацијата Обединети Македонци во Канада (ООМК) организира по 66-ти пат Илинденски пикник на својот парк, исто така именуван „Илинденски парк", кој се наоѓа северо-источно од Торонто.

Свеченостите започнаа во 10:00 часот со редовната света богослужба во манастирот Св. Илија од страна на свештенослужителот Стефан Груевски.

Во 14:00 часот започна свечената програма со изведување на химните на Канада и Македонија.

Потоа, Отецот Стефан Груевски, заедно со свештенослужителот Јован Босеовски и Горан Ристески, свештенослужител при МПЦ „Св. Димитрија Солунски" во Маркам, одржаа помен за паднатите жртви за ослободување на Македонија и македонскиот народ.

По молитвите, водителот на програмата, Никола Делов, го покани претседателот на ООМК, Ристо Дурловски да им се обрати на присутните. Претседателот Дурловски им се заблагодари на присутните за посетата и нивниот придонес за успешен пикник. Дурловски исто така потсети за трите Илиндена, првиот во 338 г.п.н.е. со битката на Херонеја, вториот Илинден во 1903 година со Илинденското востание и третиот Илинден во 1944 година со создавањето на АСНОМ-ска Народна Република Македонија. Претседателот ги потсети присутните на големата надеж која ја имаме со новата Влада и претседател во Република Македонија. Ние ги поканивме претседателот на Владата Мицкоски и на државата, Силјановска, и ако не се во можност самите да не' посетат, да испратат соодветни претставници, но за жал не беа во можност тоа да го остварат.

Претседателот Дурловски се заблагодари на сите наши членови и поддржувачи кои помогнаа паркот да се припреми за овој свечен пикник.

Следен говорник беше Славе Бунтевски, претседател на МПЦ „Св. Недела" од Ејџакс, кој ги поздрави присутните во име на сите претседатели на македонските цркви во Канада.

Последен говорник беше Ден Меисин, Канаѓанец од македонско потекло, кој планира да биде кандидат од Конзервативната партија на следните сојузни избори. Ден Меисин ги поздрави присутните и ја побара поддршката од Македонците кои живеат во изборната единица Маркам-Стоуфвил и дека како пратеник во канадското Собрание ќе ги брани македонските национални интереси и ќе гради плодна соработка помеѓу Канада и Македонија.



По свечениот дел од програмата, пикникот продолжи со прекрасни македонски песни и ора во изведба на оркестарот „Децата од Буф", збогатен со пејачката, Жаклина Марковска.

За децата имаше организирано турнир во мал фудбал, како и цртање на македонското шеснаесеткрако златно сонце на образите, благодарение на членови на МПЦ „Св. Недела", додека надуваните играчки за младите (лизгалка и трчање со препреки) беше обезбедено од Бинго уорлд (Bingo World) на браќата Карапалевски. На крајот од турнирот, ООМК ги награди децата со битолски сладолед.

.




# SVETI DIMITRIJA SOLUNSKI

## MACEDONIAN CULTURAL FESTIVAL

SEPTEMBER 6, 7, 8 2024

201 MAIN STREET MARKHAM

JOIN US FOR A WEEKEND FULL OF

**GREAT MUSIC**

**AMAZING FOOD**

**AND LOTS OF ENTERTAINMENT**

**FRIDAY** SEPTEMBER 6 & **SUNDAY** SEPTEMBER 8

CHRIS

DUSKO

LUPCO





SATURDAY SEPTEMBER 7

VELE

ZAKLINA

NICK








Not all dentures are created equally.
Let us create your perfect smile.
Book a FREE consultation today!
905.553.5315
• Full Dentures
• Implant Retained Dentures
• Partial Dentures
• Immediate Dentures
• Same Day Repairs and Relines
• Professional Denture Maintenance and Cleaning
• Snoring and Sleep Apnea Appliances
• Custom Sports Guards
• Custom Tooth Whitening
PERFECT smiles
Dental Lab & Denture Clinic Ltd.
Jim Globocki, RDT, DD
DENTURE SPECIALIST
905.553.5315
info@perfectsmilesdental.ca
www.perfectsmilesdental.ca
9986 Keele Street
Vaughan, ON L6A 3Y4


THENEDANTEAM
RENOVATE ■ LIST ■ SOLD
▪Staging ▪Moving ▪Reno's ▪Storage
** NOT INTENDED TO SOLICIT BUYERS OR SELLERS UNDER CONTRACT
Vasko Nedanovski
NEDANREALESTATE.CA
Biljana Arsenovska
647.333.9628 Broker
416.906.1398 Sales Rep
WE ARE A FULL SERVICE REAL ESTATE TEAM
OUR SERVICE DOESN'T END AT JUST PURCHASING OR SELLING YOUR HOME. WE FIRMLY BELIEVE IN HELPING YOU EVERY STEP OF THE WAY TO ENSURE A SMOOTH AND STRESS-FREE PROCESS. NOT ONLY WILL WE FIND YOUR PERFECT HOME, WE CAN HELP YOU MOVE INTO IT!
RIGHT AT HOME


The Bank of Canada lowered interest rates! We are seeing movement in the real estate market. For more information, contact us for details!
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398


FOR SALE
TORONTO
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398


FOR SALE
TORONTO
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398

# Христе Боже, озари не, и нас со светлината на Твоето богопознание



**Пишува:**
**Протоерej Александар Тодоровски**
**Парохиски свештеник во Епархиски соборен храм „Св. Климент Охридски“ - Торонто**
**Тел. 654 801 9915; e-mail: fr.aleksandar@ stclementofohrid.com**

На 19 август, Светата Православна Црква го прославуваше еден од Господовите празници. Поточно, го прославуваме славното Преображение на Нашиот Спасител Господ Исус Христос на гората Тавор. Светата Црква познава повеќе форми на песни кои воспеваат одреден празник, но, најсуштествената и најкратка по содржина е тропарот на празникот, кој со својата содржина ги изразува суштината и значењето на празникот. Така и ние, на 19 август го пеевме и слушавме тропарот на Преображението во кој се вели: „Си се преобразил на гората, Христе Боже, Ти, Кој на учениците им ја покажа Твојата слава, колку што поднесуваа. Да не' засветли и нам, грешните, Твојата вечна светлина, по молитвите на Богородица, Дарителу на Светлината, слава Ти“.

Преображението Христово претставува врховен настан во животот на апостолите, кој има врска со Педесетница, бидејќи се работи за голем опит на Бога. Зборот „преображение“ означува менување на формата. Значи, во еден конкретен момент Христос ја објави славата на Божеството, со коешто беше соединета човечката природа од моментот на зачнувањето во утробата на Богородица.

Христос во тој час се преобрази, но при тоа не прими ништо што не го имаше, ниту се претвори во нешто што не беше, туку на Своите ученици им го објави тоа што Он е. Всушност, кога зборуваме за преображение, мислиме на тоа дека ја покажа славата на Своето Божество, што ја држеше невидливо во видливото тело, бидејќи луѓето не можеа да се соочат со тоа.

Свети Јован Златоуст ќе рече дека Христос не го покажа целокупното Божество, туку едно мало негово дејство. А тоа го направи, од една страна за да извести за тоа која е Божествената слава на Царството, а од друга страна од човекољубие, за да не го изгубат својот живот гледајќи ја сета слава на Божеството. Затоа тајната на Преображението е и откровение на Царството, но и израз на љубовта и на човекољубието Божјо.

За да ја покаже Христос славата на Своето Божество, се искачи на гората Тавор. Тоа би можело да се случи и во некоја долина, на некое широко место. Но зошто се протпочита тоа да биде на гора? Во старата епоха било обичај сите големи настани да се случуваат на повисоко место, на високи планини, па така и Христос го покажува величието на Својата слава на гората Тавор, бидејќи објавувањето на обожувањето на човечката природа е најголемиот настан во историјата на човештвото. Искачувањето на Тавор покажува и дека оние што сакаат да ја видат славата на Божеството во човечката природа на Логосот, ќе треба да излезат од нискoто и да се искачат повисоко, т.е. да се исчистат од се' земно што ги држи врзани за земјата.

Свети Никодим Агиорит вели дека на гората Тавор, при Христовото Преображение, се случи голем и страшен призор. Прво, затоа што изгреаја две сонца, нешто што никогаш не и' било познато на тварта. Второ, страшен призор е затоа што едното е сетилно сонце, кое изгреа од небото, а другото е духовно, кое изгреа од земјата. Тоа второ сонце беше неспоредливо повисоко од сетилното што изгреа од небото. И како што со изгревањето на сетилното сонце исчезнуваат сите звезди на небото, така и со изгревањето на Сонцето на правдата исчезнаа и зрадите на сетилното сонце. Секако, тоа не го видоа сите луѓе на земјата во тој момент, освен тројцата ученици и пророците кои се јавија. Свети Григориј Палама вели дека сетилното сонце што изгрева го гледаат сите што живеат на земјата, освен ако некој е слеп, додека духовното сонце на правдата го гледаат оние што се подготвени.

Светлината што ја видоа учениците на гората Тавор не беше некоја создадена стварност, туку тоа беше светлината на Божеството. Христос имаше две природи, Божјата и човечката, соединети во Неговата личност непроменливо, неслионо, неодделно и неразделно. Учениците се удостоија да ја видат таа слава на Божеството во човечката природа на Логосот. Сетилната светлина, иако е создадена, е единствената реалност од земјата што може да ја покаже славата и блесокот на Божеството. Личноста Христова блесна како сонцето и Неговите алишта станаа бели како светлината, затоа што така човекот може да ја разбере славата на Божеството. Не постои никаква друга земна реалност за да го покаже тоа.



Факт е дека Бог Е и се нарекува светлина, затоа што од една страна тоа е откровение на Самиот Христос, Кој рече: „Јас Сум светлината на светот;“ (Јн 8,12), а од друга страна затоа што оние што се удостоиле да Го видат, Го виделе како блескава светлина. Свети Јован Златоуст забележува дека евангелистот вели дека лицето Христово блесна како сонцето, затоа што не постои никаков друг образ за да ја прикаже блескавоста на Христовото лице во тој момент.

Меѓутоа постои огромна разлика помеѓу светлината и сонцето. Бог, како што знаеме од Стариот завет, во првиот ден од создавањето ја создаде светлината, а во четвртиот ден го создаде сонцето и му ја даде светлината. Така светлината беше создадена прва, додека светлината во дискот на сонцето настана во четвртиот ден. Светиот евангелист напиша: „и лицето Негово светна како сонце“ (Мт 17,2), но не стана Неговото лице сонце, туку како сонце. Светлината Божја е предвечна, невремена, но на Тавор, според крајното Божјо човекољубие, се опиша во човечко тело „како на сончев диск“, но и покрај блесокот и описот на Христовото лице, сепак, „останува неопислива и при опишувањето“ и не е некој сетилен настан, туку е тајна, пројавување на славата Божја на неискажлив начин.Како што во моментот на Христовото крштевање има јавување и откривање на Света Троица, така и во моментот на Неговото Преображение на Тавор се откри ва Троедниот Бог. Втората личност на Света Троица, Којашто се вочовечи, блесна пред учениците и ја објави славата на Своето Божество. Отецот потврди дека Тој е Неговиот Возљубен Син, а Светиот Дух беше светлиот облак што ги засени учениците.Троедниот Бог е светлина, бидејќи светлината е блесокот на Божеството, гледањето на благодатта на Триедниот Бог. Во тропарите на Црквата се пее: „Светлина е Отецот, светлина е Логосот, светлина е и Светиот Дух“. Лицето Христово блесна како сонцето, гласот на Отецот беше многу силно созерцание на светлина, затоа, како што вели свети Григориј Палама, токму тогаш не можеа да издржат учениците и паднаа на земја. Облакот, пак, којшто беше присуството на Светиот Дух, беше светол. Се' ја изразува славата на Божеството. Во секој случај, она што треба да се потцрта е дека на Тавор имаме јавување и откровение на Триедниот Бог.

На гората Тавор, освен Триедниот Бог има и други пет личности. Близу до Христа се двете исклучителни старозаветни личности, пророкот Мојсеј и пророкот Илија, како и тројцата ученици, Петар, Јаков и Јован. Првите се претставници на Стариот завет, а конкретно на Законот (Мојсеј) и на Пророците (Илија), додека апостолите се претставници на Новиот завет. Старозаветните пророци Мојсеј и Илија стоеја со побожност и со почит до Христа. Пророците на гората Тавор Го гледаа воплотениот Логос Божји и во созерцанието познаа дека Он е Единородниот Син Божји, Кој го имаше карактерот на личноста на Отецот, т.е. славата на Бога Отецот. Поради таа причина, тие стоеја и свештенодолично, и како слуги.При големиот настан на Христовото Преображение беа присутни само тројцата ученици Петар, Јаков и Јован. Овие три личности ги зема Христос и во други моменти, како што е воскреснувањето на Јаировата ќерка и молитвата во Гетсиманија. Двајца од тројцата ученици кои се најдоа на Тавор во тој страшен час, го дадоа своето сведоштво за настанот. Апостолот Петар во своето послание пишува: „зашто ние ви ја покажавме силата и доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос, не преку измислени параболи, туку откако станавме очевидци на Неговото величие“. И откако се осврнува на гласот на Отецот, пишува: „и тој глас, што дојде од небото, ние го чувме, кога бевме со Него на Светата гора“ (2 Птр 1,16-18). Но и евангелистот Јован во своето соборно послание пишува: „Она што го видовме од почетокот, она што го чувме, она што со очите свои го видовме, што го разгледавме и што рацете наши го опипаа, за Словото на животот; и животот се јави, и видовме, и сведочиме и ве известуваме за вечниот живот, кој беше во Отецот и нам ни се јави“ (1 Јн 1,1-2).

Христос на своите ученици Петар, Јован и Јаков им се открива во сета Своја слава, допуштајќи им на апостолите да Го видат и да Го осознаат Господа по мерата од своите можности, а мерата на нивните можности е мерата на нивните онтолошки капацитети. Затоа во тропар пееме: „Го видоа онолку колку што поднесуваа“. На тој начин Христос ги сочува во живот, во постоење, не им го загрози нивниот живот и нивната егзистенција, но им допушти во длабочините на Божествената Троична тајна, да продрат по мерата од своите реални можности. Тројцата ученици, гледајќи Го Христа преобразен, додека се радуваа и велеа „добро ни е да бидеме овде; ако сакаш, ајде да направиме три сеници, една за Тебе, една за Мојсеј и една за Илија“, во продолжение, кога ги засени светлиот облак и кога се чу гласот на Отецот, „паднаа ничкум и многу се исплашија“ (Мт 17,6). Светите отци на Црквата велат дека паднаа на земја од прејаката светлина. Впрочем, гласот на Отецот беше созерцание на Бога, и тоа во поголем степен од претходното што го имаа учениците.

Христос со своето преображение го покажа обожувањето на човечката природа, но и славата на оние кои ќе се соединат со Него. Настанот на Преображението е централна точка на сотириолошкото учење на Црквата, бидејќи покажува која е целта на постоењето на човекот и точно што е и која е Црквата, но и која е нејзината цел, а тоа е да го одведе човекот во обожување, коешто е гледање на несоздадената светлина. Целото дело на пастирите стреми кон таа возвишена цел. Значи, обожувањето не е луксуз за христијанскиот живот, туку е неговата најдлабока цел. Несоздадената светлина е доживување на Царството Божјо, меѓутоа, паралелно е претвкус на идните блага. Преображението покажува што е Царството Божјо и што е идната состојба. Меѓутоа, за да стаса некој до доживување на славата на своето обожување, т.е. во учество на обожителната енергија Божја, треба да мине низ очистувањето на срцето. А тоа е така затоа што Христос го просветлува човекот аналогно на чистотата на неговото срце. Светите отци, говорејќи за Христовото Преображение и за учеството во Божествената слава, кажуваат за личното искачување на Гората на боговидението. Непрестан е повикот на Црквата: „нека ни засветли и нам грешните Твојата беспочетна светлина“. А во една молитва на Првиот час, ја чувствуваме потребата да Го молиме Христа: „Христе, вистинска светлино, што го просветлуваш и осветуваш секој човек што доаѓа во светот, да ни се покаже и нам светлината на Твоето лице, та во неа да ја видиме непристапната светлина“.

Како заклучок треба да кажеме дека Христовото преображение претставува централен настан во Христовиот живот, но и основен момент во животот на човекот. Живееме во Црквата и не се стремиме само да бидеме добри луѓе, туку да бидеме богови по благодат. На таа висина не' кани црковниот живот и православното богословие.

Празникот Преображение за свој симбол го има грозјето и лебот. Онака како што грозјето се преобразува во вино, а виното во Крвта Негова, така пченицата се претвора во брашно и од брашното замесената просфора, а просфората во Негово Тело, и со Нив се причестуваме на секоја Света Литургија, се разбира, доколку сме достојно и подготвени, добро подготвени за тоа. Со светата Причест човекот не ја прима Божјата благодат апстрактно, туку го прима богоподобното тело Христово, кое е извор на несоздадената благодат. Секако, тоа се вели од аспект дека не се осветува секој христијанин што се причестува, туку само оној што се има подготвено, кога е вистински и жив член на Црквата, т.е. на телото Христово. Светата Причест делува аналогно со духовната состојба на човекот. И онака како што хранејќи се со Негото Тело и Неговата Крв од Светиот Путир, пак, ние луѓето го доживуваме нашиот Тавор, нашето преображение, бидејќи човекот е создаден и повикан да се преобрази од Бога по благодат, благодатен богочовек. Тоа е целта, тоа е смислата на сите наши подвизи и на нашето историско постоење. Господ да не' благослови, уште посмело, уште порешително да Му пристапуваме на Христа Господа, да се храниме со Лебот на животот и со водата жива што истекува од Светиот Путир, е да би се преобразиле во Оној со Којшто се храниме. И ние собрани на Пребраженската литургија во храмот, измоливме милост Божја, за да ги преобрази нашите срца и души, па така, да го засакаме Христа Господа и Неговата спасоносна наука, за спасение на нашите души.

*Страницата е помогната од доброчинителите Јулија и Славе Димитрови*

# 22-ри МАКЕДОНСКИ ЕТНИЧКИ ФЕСТИВАЛ ВО МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА „СВЕТИ ЃОРЃИ“ – СИРАЌУЗ, ЊУЈОРК










Во деновите од 2-ри август – Илинден, до 4-ти август оваа година, беше одржан 22-от годишен Македонски етнички фестивал во Македонската Православна Црква „Свети Ѓорѓи“ од Сираќуз, Њујорк. Во тие денови, Македонците, и во Татковината – Република Македонија, и во дијаспората го одбележуваат големиот црковен, а за нас и национален празник – Илинден. Така, ни се даде можност – фестивалски да го прославиме нашиот свет Илинден.

Како се роди идејата за одржување на македонски етнички фестивал во Сираќуз? Неминовно е да спомнеме дека секоја година во почетокот на месец ноември со децении во градот Сираќуз се одржуваше Фестивал на нациите (Festival of Nations), на кој учествуваа над педесет етнички заедници – нации од цел свет. И пред да биде самостојна Република Македонија, кога сеуште беше во рамките на СФРЈ, нашата Македонска Православна Црква „Свети Ѓорѓи“, пред поширокатa јавност во градот Сираќуз и околината, дваесет и три години ја претставуваше Македонија и македонскиот бит – традициите, обичаите, фолклорот, храната и сѐ што е македонско. За жал, во доцните деведесетти години на минатиот век, Фестивалот на нациите беше укинат од градските татковци. Исто така, нашата црква и нашата играорна група „Китка“, редовно беа поканувани да земат учество на најголемиот Саем на државата Њујорк (The Great State Fair of New York), притоа претставувајќи го македонскиот народен бит во најдобро светло. Сето тоа придонесе Македонците и македонската заедница да и' бидат добро познати на овдешната јавност.

Тоа нѐ поттикна, по примерот на многу православни цркви и национални заедници, и ние самостојно да организираме свој Македонски етнички фестивал во нашата црква црква „Свети Ѓорѓи“. Концептот беше беше многу јасен од самиот почеток пред дваесет и две години. Фестивалот треба да послужи за следниве работи: финансиска поткрепа на црквата; претставување на нашата света Православна вера, на нашата македонска традиционална храна, богатиот македонски фолклор, културата, историјата, традициите и обичаите. За сето тоа, нашата црква поседува извонредни можности. Во тоа се уверил секој добронамерен посетител. За таа цел, веднаш беше формиран Фестивалски одбор, чиј прв раководител беше Љупчо Манговски. Уште првата година издадовме Фестивалска монографија, која покрај рекламите содржеше и текстови за историјатот на нашата црква овде во Сираќуз, за историјата на МПЦ-ОА, македонската историја итн. Од година во година фестивалот растеше во сите сегменти и се повеќе добивавме медиумски простор, на локалните телевизии, весници и социјални мрежи.

Овогодишниот фестивал во ништо не заостана зад предходните, во смисла на организацијата, посветеноста и придонесот на нашите членови, посетата и сѐ она што е неопходно тој да биде успешен. Стотици, или уште подобро – над илјадници посетители од градот и околината на Сираќуз се сведоштво за тоа. Убаво е чувството кога од задоволните посетители ќе слушнете дека – имате најубава црква, највкусна храна, слатки, уживавме во претставата на играорните групи, звукот и ритамот на убавата македонска музука и песна.

За организација, односно раководител, на фетивалот и оваа година, како и неколку претходни, задолжена беше Дајана Јакимоски, која е и претседател на Управниот одбор, потпомогната од млади и способни ентузијасти. Одговорен во кујната, како и досега, беше Тони Трајчевски. Парохискиот свештеник – протоерејот ставрофор отец Бранко Постоловски, беше задолжен за црковни тури (church tours), при што посетителите можеа да слушнат за историјатот на црквата, да се запознаат со основите на нашата света Православна вера, да се восхитат и да добијат информации за значењето на прекрасните фрески и икони во црквата. Етничката изложба и продавницата на сувенири (gift shop), исто така беа под раководство на отец Бранко. Кореограф и раководител на играорните групи, малата и големата „Китка“, беше Криси Димитровски, која покажа извонреден труд и умешнот – да ги мотивира овдеродените млади Македончиња да уживаат во орото и песната, а со нив и ние, така претставујќи го македонскиоит фолклор во најдобро светло. За комуникација со медиумите (spokesperson), задолжена беше Емилија Постоловска.

Музичкиот дел и забавата, пак, трите дена им беше доверен на „Соња и Оливер Бенд“ и Крис Димовски од Торонто, кои на најдобар начин ја оправдаа довербата. Како специјален гостин, вториот ден во саботата настапи и Жаклина Маркоски од Рочестер. Сите денови, музичарите го вложија сиот свој талент и виртуозност да се слушне македонската песна и да се заигра македонското оро. Со други зборови, ги распејаа и ги разиграа и домаќините, но и сите посетители. Се надеваме дека повторно ќе ги видиме во нашата средина на некоја забава,

Користиме прилика, на сите наши спонзори и пријатели, на сите што учествуваа во организацијата на 22-от Македонски етнички фестивал, на членовите на црквата за големиот труд и посетеност, на играорците, на музичарите, на посетителите и на сите што на било кој начин помогнаа фестивалот на ни биде упашен, од сѐ срце да им благодариме и молитвено да посакаме – Бог по молитвите на нашиот патрон Свети Ѓорѓи, да ги благослови и да им дарува убанини и добрини во животот.

Дај Боже, вечни да ни бидат верата наша Православна, светлите наши традиции и обичаи и – да ни живее Македонија!

За Весникот „Македонија“, подготвил,
Протоерej-ставрофор
Бранко Постоловски





**Diana Jakimoski Chairman and Church Board President:**

The 22nd Annual Macedonian Festival, hosted by St. George Orthodox Church in Syracuse, NY, brought out Central New Yorkers to celebrate the essence of Macedonian hospitality with great food, wine, and music! Despite the weather, the Church and Festival Committee are thrilled with the enthusiastic support from the community and look forward to more opportunities to showcase the incredible cultural offerings that embody the Macedonian spirit.


























*I'm all about bringing the vibe to your special day, whether it's a birthday, a graduation, community or opening event. Just let me know your music preferences, and i'll blend them seamlessly into non stop mixes that'll keep everyone dancing! With rhythm in my blood and music in my soul, I feel every beat deep within, a gift passed down from my musician parents. As DJAne, I translate that connection into an unforgettable experience, ensuring each song resonates with the crowd. Feel free to contact me anytime at: 647-461-4505 email: alexandrapet2005@gmail.com*




**Македонија**

To send articles, advertisements,
or to subscribe to
Macedonia newspaper please contact us at:
**macedonia.canada@yahoo.com**
Call or text: **416-827-0954**

**CANADIANA FLOWERS**

**www.canadianflowers.com**
**Design Studio, 3087 Kingston Road**
**Toronto, ON M1M 1P1**
**info@canadianaflowers.com**

**Toll Free: 888-265-767**
**Local: 416-265-6867**




# Dr. Elizabeth Dimovski
## Family Dental Office
## Home of the FREE Custom Mouth Guard
**For all our sports-playing patients! Call for details today!**
**2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9**
# 905-458-6620

# 30 ГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ НА МПЦ “РОЖДЕСТВО НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА” ОД КЕМБРИЏ

Македонската Православна Црква “Рождество на Пресвета Богородица” од Кембриџ на 28 септември 2024 година со почеток од 7.00 p.m. го одбележува својот 30 годишен јубилеј од основањето. Јубилејниот банкет ќе се одржи во банкетната сала на МПЦО “Свети Наум Охридски” на улица 1150 Stone Church Road E - Hamilton. Резервации се вршат најдоцна до 15 септември 2024 година кај отец Гоце Деспотовски на телефон (519) 212 7120 и кај Бранкица К. Матеска на телефон (226) 600 8152.

Добредојдени се сите Македонци, верници во Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија и пријатели на Македонците и на Македонија.Банкетот ќе биде незаборавен и неповторлив, бидејќи се одбележуваат 30 години организирано македонско црковно постоење во овој дел на светот.Повелете на прекрасно македонско јадење, со македонски песни и ора во изведба на Соња и Оливер Бенд!



# ПАТРИОТСКИОТ ВОЗНЕС НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (13)

## Патриотските здруженија во Торонто, Канада

Кон крајот на шеесеттите и почетокот на седумдесетите години од дваесеттиот век, по моја проценка сметам дека тој е еден почеток кога на виделина за прв пат се појавува еден оптимистички патриотски вознес кај Македонците иселеници на Северно-американскиот континент, посебно во Торонто, Канада. Иако се прават обиди за да се осуетат бурните настани што се на повидок, сепак таа величина волја , тој стремеж и тој поттик за да се постигне определената цел, стануваат се посилни, поцврсти и незапирливи. Но кога ќе го отвориш срцето и ќе го наполниш со љубов и со многу убави работи за твојата родна земја, нема да има појава што може да те попречи во твоите намери.

И така оптимизмот кај одредена група на македонци почнува да созрева и сознанието дека било време за да се презентира некоја посовремена идеја, од каде што ќе произлезе и мислата дека “ татковината ни, е наш дом изграден со дострелни чекори, и борбен подвиг”, и таа може да се сака подеднакво , оддалеку и одблизу. И од таа разумна размисла тој дом нашите ќе го овековечат како свето место за сите нас и како таков треба подеднакво да го сакаме , цениме и чуваме, истовремено и да се жртвуваме за него.

Во моментот кога треба да се изнајдат првите патриоти во Торонто кои ќе се обидат да го свртат вниманието и да ја насочат својата способност кон будноста македонска кај поголем број Македонци во овој град, дојдени од сите краеви на Македонија, во меѓувреме југословенските власти вршат ажурирање во кругот каде што живеат македонци се со цел да ја претстават негативната страна на сликата. Тие создаваат една небулозна појава со што сметаат дека на таков начин ќе ги придобијат симпатиите на македонците да поверуваат дека Република Македонија во рамките на Југословенската Федерација навистина го нашла вистинското место. Но сфаќањето на групата македонци со повозбудливи патриотски чувства не е исто, нивните погледи се самостојност на Македонија до обединување, исти како и на оние кои гинеле за татковината. Со вакви те замисли тие цврсто ќе застанат зад македонската кауза, и така тие ќе се омеѓат за да го развиваат македонизмот иако далеку од својата земја, тоа така ќе го прават за многу години.

Во почетокот на 1970 година во месец јуни неколку тврдокорни македонци ќе се состанат во ресторанот на Мајк Талин, македонец од егејскиот дел на Македонија во чие срце се чувствуваше несовладлив нагон за да се направи некое добро за земјата што не обврзува сите. Ресторанот беше лоциран на улицата Куин и Парламент, идеално место за собирање на македонците беше наречено дури и “царството на македонците” поради што имаше и други омилени локалитети каде што бројно се собираа нашите новодојденици.

Меѓу првите кои беа присутни на првиот состанок, што беше и основачко собрание на тврдокорните со борбено срце беа: Горнан Јовановски, Киро Којчевски, Ристо Димитриев, Џими Ѓорев, Ѓеорѓи Тодоров, Миле Бакаловски, Мајк Талин, Владо Марковски, Тодор Танасов , Мајк Апостоловски и други. На ова прво состанување од ваков вид предвидено беше да се разгледаат можностите за формирање на македонско патриотско друштво кое ќе има за задача да ја бодри, поттикнува, мотивира и да ја буди националната свест кај македонските емигранти, посебно кај оние кои си ја сакат татковината а се уште немаат политичка определба.

Сепак дека овој состанок не помина така незабележан, тој патриотски отпочеток не беше во интерес на Југословенската елита, и затоа ќе започнат следењата на југословенските тајни служби кон основачите на патриотското здружение. По некои тврдокорните активисти беа споредбени со оние во европа на Драган Богдановски каде што излезе на површина ОКМ ( Ослободителен Комитет на Македонија ). И според тоа име организаторите во Торонто ќе се нарекуваат (Окамовци) а македонското патриотско друштво за извесно време ќе работи под името ОКМ.

Тешки и мачни беа патеките по кои друштвото ќе треба да чекори, кога знаеме дека друштвата на другите заедници кои беа создадени од нашите непријателски земји, чија нивна единствена цел им била да се стопира македонската движечка сила и нејзините патриотски идеи да не достигнат до чувствата на македонците. Поистакнати друштва кои ќе бидат контра врз македонските идеали се: МПО (македонска патриотическа организација), “Братство и единство”, и грчката “Пан македоники “. Овие здруженија ќе бидат трајната “сопка” на која македонските следбеници на македонската кауза низ Канада ќе треба дострелно да се справуваат со појавите на здруженијата спонзорирани од државите кои со векови го негираат постоењето на Македонија и македонскиот народ. Но македонските идеалисти кои веќе се организират и засилено ќе ја водат битката за сите битија на Македонија. Членовите кој веќе се пред еден голем предизвик веќе одамна се изјасниле дека пред нив ги имаат “стремежите кон возвишени и благородни цели и со национален достоинствен дух за договорот на Македонија”. Тие си ја претставиле идејата за да се наречат “мајсторите “ кои ќе исковат една замислена идеја која нема да умира, туку да ги спои сите фактори посебно на оние на кои Македонија им е најсвета од се, и дека таа замисла ќе бележи некој очекуван успех, а пак, таа замисла да им се препише на други оти како што ќе рече Александар Костов: “И колку добро и доблесно да направиме за нашата земја, ние нема да бараме некаква глорификација, оти тоа го правиме во интерес за нашата напатена ни татковина. А глорификацијата им се препишува на силните и на јунаците, а ние не сме ни едното ни другото, туку само обични жртвувачи за идејата, за Македонија, за нејзината слобода”.

Блаже Конески, македонски поет, писател, книжевник и лингвистички научник, тој беше и најклучната фигура во македонската литературната книжевност. Неговиот најврвен придонес беше кодификацијата на стандардниот македонски литературен јазик, за што покасно да биде обвинет за србизација на македонскиот стандарден јазик. Од тогаш неговите дела како да останале во сенка иако тој од многу поодамна не предупредил: “ Името ние големо ќе се обидат да ни го земат” и од друга страна ни кажува колкава била неговата љубов кон татковината : “До кај што сум ја пренесол својата љубов, до таму е мојата татковина. А, вие, еј! На што сте мислеле да ја сведите.?!”

Нашинците кои ги напуштиле родните огништа со нив понесле се што е македонско, а најмногу и љубовта кон прадедовината. Многу од нив низ солзи ќе речат: “Ние не дојдовме тука, во странство, во оваа туѓа земја, за да се отуѓиме, и да заборавиме на нашето, туку дојдовме за да го зачуваме нашето и аманетот на оние кои мислеа на нас, се бореа и загинаа за нас. А наше сега е, да ја воскреснеме македонската постоеност и оние сетини кои се жртвуваа за неа.

Македонците во Торонто својот патриотски занес почнуваат да го изразуваат со се позасилена интензивност. За извесно време тие во тој пресуден период ќе дејствуваат во кругот на македонските друштва под името МНОД (Македонско национално ослободително движење). МНОД за одреден период покажа извонредно висок резултат во своето патриотско делување, дури и повеќе од своите очекувања. Сето ова се одвиваше во услови кога тајната служба УДБА го вршеше своето набљудување врз членовите, посебно кон оние уфрлени слугувачи на југословенското братство. Тоа придонесе да се појави така наречено фракционерско друштво под името МНРДМ (Македонско национално револуционерно движење на Македонија). Тоа ќе трае многу кратко.

По исфрлувањето на оние усадени удбаши се формира МНК (Македонски национален комитет), кој активно ќе работи кон борбата на македонскиот непокор и во чест на сите народни херој кои газеле раскрварени низ македонската земја.Така ќе биде се до осамостојувањето на Македонија како самостална и правна држава.

Како поистакнати членови на МНК забележани се: Горнан Јовановски, претседател, Александар Костов, заменик претседател, Симе Пандовски, секретар, Коста Тополников, благајник. Членови: Ристо Димитриев, Коста Станоевик, Тодор Танасов, Живко Гасковски, Борис Пандовски, Џими Ѓорев, Миле Бакалов, Ѓеорѓи Теодоров, Јани Великов, Илија Гошев, Минчо Гулчев и други.

Дејствувањето на МНК (Македонскиот Национален Комитет) кон македонската национална кауза иако течеше под различни димензии сепак тој одбран правец ќе биде тежок затоа што југословенската УДБА повторно ќе се обиде да уфрли свои поддржувачи за да вршат раздор во комитетот но овој пат тие не успеваат во тоа.

Редовните состаноци МНК сега ќе ги одржува во ресторанот Quinzdel сопственост на Тодор Танасов, еден од подоверливите членови на комитетот.

Геслото на оваа група патриоти им беше и девизата на Тодор Александров, и покрај тоа што некои од членовите имаа поинакви гледишта за личноста на Александров, но неговите мисли беа доволно за мотивација, Т. Александров ке рече: “Ако прашањето на Македонија не се реши онака како што сака македонскиот народ, тогаш нема никогаш да престане македонската револуционерна борба.

Членовите на МНК со своја лична клетва сакат да запишат една нова револуционерна епоха, со коренити промени во делувањето кон македонските национални работи. Веќе почнуваат да се организираат почесто прослави, протести и други манифестации. Од попознатите активности се издвојуваат: чествувањето на Александар Македонски, одржување комитска вечер во чест на Гоце Делчев, одбележување годишнината на Никола Карев, собир по повод “Прочка”, кој требаше да значи како меѓник за национално помирување и обединување на сите македонски субјекти на македонските иселеници, потоа протести пред сите конзуларни претставништва , научни предавања, разни лобирања до политичките фактори на канадскиот естаблишмент, тука е и големиот протест пред Обединетите Нации на 10 август 1988 год. По повод 75 години од поделбата на Македонија.

Посебно се издвојува традиционалниот протест пред грчкиот конзулат кој секоја година се одржуваше на 25 март по повод државниот празник на Р. Грција, по повод ослободувањето на Грција од Отоманската империја. На овој ден секогаш имало конфронтации помеѓу двете заедници, македонската и грчката, затоа што двата настани се случувале на исто место во исто време, пред градската општина. Секогаш требаше да се поставува полициски кордон за да не се дојде до судир, но тоа се случуваше. На една страна грчката заедница го подигнува нивното знаме, а на другата со стотици развеаени знамиња со сонцето од Кутлеш , македонците со силни пораки до грчката влада за почитување на правата на македонците кои што живеат во егејскиот дел на Македонија.

Бидејќи протестот се одржуваше на истиот ден кога грчката заедница го прославувале денот од слободата, истовремено и македонската заедница со тоа добиваше голем публицитет. Тој беше единствен момент јавноста да се запознае со македонското прашање и вистината за македонската историја, посебно македонците кои живеат во Грција кои се изложени на исчезнување оти ги немаат ни основните права да се изјаснуваат како Македонци.



Продолжува

ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ

40 ГОДИНИ СО ВАС
MACEDONIA Македонија NEWSPAPER
„Macedonia„
newspaper editor Sonja Lozanovska
Phone: 416-827-0954
E-mail macedonia.canada@yahoo.com
http://www.macedonianewspaper.com

# ВО БРАЈЧИНО ВО ЧЕСТ НА ПРАЗНИКОТ СВЕТА ПЕТКА СЕ ОДРЖАА ТРИЕСЕТИТТЕ ПО РЕД ,,БРАЈЧИНСКИ СРЕДБИ,,

## *БЛАГОДАРЕНИЕ НА БРАЈЧИНКИТЕ ТОДОРКА МАЧКОВСКА И ВЕРА ВРЖОВСКА ПЕТРЕВСКА СЕЛОТО БРАЈЧИНО Е ОПЕАНО ВО УШТЕ ЕДНА РОДНОКРАЈНА ПЕСНА*








На 7-ми и 8-ми август во селото Брајчино, Македонија, се одржаа 30-те јубилејни ,,Брајчински Средби,,.
Прославата на празникот Света Петка во Брајчино е надалеку прочуена по убавото домаќинско добредојде, по прекрасната жива музика во текот на двата дена, вечерта на 7-ми август во очи на празникот, и на 8- ми август денот кога се празнува Света Петка. На манастирот Света Петка во Брајчино се послужува гравче за секој намерник, посетител, верник, почитувач на вековната слава.
Брајчино е печалбарско село, сега веќе генерации Брајчинци родени во него, но и во новите татковини ширум светот, Америка, Австралија, Канада и Европа секоја година и се' во поголем број го посетуваат што говори за неодоливата убавина на ова преспанско село, но и здравиот дух и успешно пренесуваните традиции од колено на колено, со една цел, родното огниште да не се заборави.
